АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

***Интегрално обраќање на директорката Билјана Аврамоска Ѓореска - "Планови и идни проекти на Агенцијата за пошти за 2023 година"***

Работењето на Агенцијата во 2023 година ќе се темели на **6 стратешки цели**, кои произлегуваа од процесот на тековното работење и се во согласност со домашната регулатива, меѓународните практики и претходните искуства. Овие 6 цели ги покриваат сите важни области во остварување на законските надлежности, и нивното спроведување ќе овозможи унапредување на системот во поштенскиот сектор, како и вклучување на концептот на транспарентност и интегритет во најважните аспекти од работењето на Агенцијата.

Осигурувањето на обезбедување на универзална услуга, одржливиот развој и анализа на пазарот на поштенските услуги и зајакнување на конкуренцијата на пазарот на поштенските услуги, заштитата на давателите и на корисниците на поштенските услуги, зајакнување на надзорните и контролните механизми, јакнење на институционалните капацитети на Агенцијата и транспарентност и соработка, ќе останат во фокусот.

2023 година е значајна година за нас, година кога се одбележува 15-годишниот јубилеј, од основањето на Агенцијата за пошти, а подготовката на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година и утврдувањето на активностите, беа мотивација сами по себе.

Од регулаторен аспект во годината пред нас очекуваме да се потврдат нашите заложби и да се справиме со два предизвици. Првиот е усвојување на новиот Закон за поштенските услуги, преку кој ќе се покаже силната посветеност за усогласување со европското законодавство и дополнителен стимул за развој на пазарот на поштенските услуги. Со новиот закон ќе се доуреди делот на дефинирањето и опфатот на универзалната услуга, дефинирањето на поштенските услуги, доставата на поштенските пратки, пристапот до мрежа согласно со меѓународните стандарди.

Вториот предизвик е донесување на Стратегијата за развој на поштенските услуги од страна на Владата на Република Северна

Македонија, која како стратешки документ ќе ги утврди правците за развој на еден модерен, ефикасен и европски ориентиран пазар на поштенските услуги.

Зошто е тоа потребно? Трендовите покажуваат дека развојот во е-трговијата, онлајн платформите и новите бизнис модели имаат директно влијание врз регулативата, транспарентноста, како и врз конкуренцијата на поштенскиот пазар.

Во однос на универзалната услуга, надлежноста на поштенските услуги континуирано се менува поради промената на потребите на корисниците. Исто така, кризата со КОВИД 19 резултираше со пораст на улогата на поштенските услуги во доставата на пакети во областа на е-трговија, додека улогата на поштенските услуги како средство за комуникација или размена на информации континуирано опаѓа поради електронската замена. Одржливоста на универзалната услуга е од клучно значење за рентабилно обезбедување на основните услуги за сите корисници и треба да се разгледа во смисла на интеграција и на новите и различните услуги како и на нејзината економска исплатливост.

Исто така, во 2023 година очекуваме да заврши процесот на хармонизирање и усогласување на домашното законодавство со ЕУ-acquis во областа на пазарот на поштенските услуги преку имплементација на ЕУ Регулативата 2018/644 за меѓународна достава на пакети. Со тоа ќе се обезбедат транспарентни цени за внатрешен и меѓународен сообраќај и ќе се прецизираат процедури за идентификација на цени во меѓународен сообраќај.

Остануваме максимално посветени на евроинтегративните процеси со активно учество во работните групи за подготовка на преговарачките позиции за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија во рамки на Поглавјето 8. Политика на конкуренцијата и Поглавјето 3. Право на основање и слобода на давање услуги, за област 3.3 Поштенски услуги, кој е дел од класерот 2 - Внатрешен пазар. Веќе во јануари не очекува скрининг процесот во овој домен.

Ќе продолжиме со јакнење на институционалните капацитети, стручното усовршување и оспособување на вработените, дигитализација на работните процеси.

Во 2023 година Агенцијата ќе започне со активности за подобрување на општествената одговорност на Агенцијата и тоа преку:

Тука завршувам со своето излагање, но продолжуваме со работа, за нашите корисници, за нашите даватели. Продолжуваме со работа во насока на промовирање на конкуренцијата и следење и развој на пазарот на поштенските услуги.

***Ви благодарам за големиот интерес!***